

# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 54,
МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ
И ЈАНУАРИ 2024

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ВРШЕШЕ ПРОЧИСТУВАЊЕ НА КАНАВКИТЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ПАТОТ ВО АТАРОТ НА СЕЛО СТРАГОВО, КАКО И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ ЦРКВАТА. РАБОТАТА СЕ ИЗВРШУВАШЕ СО БАГЕР ДОНАЦИЈА ОД ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНАТА ФИРМА ЈА-МИ.







ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ, ЈА ОПРЕМИЈА ТППЕ КАВАДАРЦИ СО БОЛНИЧКО КОМБЕ СО КОМПЛЕТНА ОПРЕМА. КОМБЕТО Е НАМЕНЕТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ТППЕ ПРИ ИНТЕРВЕНЦИИ. НЕКОЛКУ ГОДИНИ НАШАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ВАЖИ ЗА НАЈОПРЕМЕНА И НАЈПОДГОТВЕНА ЕДИНИЦА ВО ДРЖАВАТА.




ПРОБИВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „ДОМОВИЦА" НА ПОВРШИНА ОД 1800М2, ВО ОВАА ФАЗА СЕ ПОСТАВИЈА РАБНИЦИ, ПО ШТО СЛЕДУВА ТАМПОНИРАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ПРОБИВАЊЕТО НА ДЕЛОТ ОД ВТОРАТА ФАЗА НА УЛ. 25 МАЈ. ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА ПРВАТА СО АСФАЛТИРАЊЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ СЕ ПРИСТАПУВА КОН ИЗГРАДБА НА ПОСЛЕДНИОТ ПОТПОРЕН ЅИД И ЦЕЛОСНО ТРАСИРАЊЕ НА УЛИЦАТА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕНИОТ БАЗЕН НА ЛОКАЦИЈАТА НА ПОРАНЕШНА ЛА ЛУНА.
ИНВЕСТИТОР НА ПРОЕКТОТ Е АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ДО ДИРЕКТОРОТ Г-ДИН НАУМЧЕ МОЈСОВСКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ЗНАЧАЕН ПРОЕКТ КОЈ Е ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАШАТА ОПШТИНА.



ЗА ПРВПАТ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОБИ НОВОПРОБИЕНА УЛИЦА ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.
УЛИЦАТА „ЛАЗО АСИЈАТА" ОД МУСЛИМАНСКИТЕ ГРОБИШТА ДО СПОЈ СО УЛ. „КЛИНСКА" Е КОМПЛЕТНО ЗАВРШЕНА!
НОВОПРОБИЕНА УЛИЦА, СО ПОСТАВЕНИ ВОДОВОДНА МРЕЖА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ПОВРШИНА ОД 4800М2. ИЗГРАДЕНИ СЕ ПОТПОРНИ ЅИДОВИ И ТРОТОАРИ СО ЦЕЛ СТАБИЛИЗАЦИЈА НА ИСТАТА, КАКО И КОМПЛЕТНО НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИЗНОС ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.



СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ АКЦИЈАТА ЗА ЕСЕНСКО ПОШУМУВАЊЕ НА ЕРОЗИВНИ ПОДРАЧЈА ОКОЛУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. И ОВАА ГОДИНА СЕ ПОШУМУВА НА М.В. ГЛИШИЧКИ РИД СО 2000 САДНИЦИ БАГРЕМ И 300 САДНИЦИ ОД ЕКО ЖИВОТ. ВО АКЦИЈАТА КОЈА ЌЕ СЕ ОДВИВА НЕКОЛКУ ДЕНОВИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВРАБОТЕНИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОЈ ОПШТИНАР КАКО И НЕВЛАДИНАТА ЕКО ЖИВОТ, СРЕДНОТО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ И ПРЕТСТАВНИК ОД ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.





СЕ ЗАВРШИ СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.ЃОРЕ БРУШАНСКИ. ПРЕКУ ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА СЕ РЕШИ ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ СО КОЈ СЕ СООЧУВАА ЖИТЕЛИТЕ НА ОВАА УЛИЦА ВО ПЕРИОДИТЕ НА ОБИЛНИ АТМОСФЕРСКИ ДОЖДОВИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ВО ЗАВРШНА ФАЗА СЕ ПРИКЛУЧОЦИТЕ НА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА НА ВТОРИОТ КРАК ОД ТИКВЕШКО ЕЗЕРО, ОДНОСНО БРУШАНИ-РЕСТОРАН ЛУЛЕ.
КОНЕЧНО И ГРАЃАНИТЕ ОД ОВОЈ ДЕЛ НА ЕЗЕРОТО СЕ ПРИКЛУЧУВААТ КОН ВОДОВОДНАТА МРЕЖА.





РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЕЧКАТА ОГРАДА ВО ПОДРАЧНОТО О.О.У „СТРАШО ПИНЏУР" СЕЛО МАРЕНА, И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД СО ЦЕЛ ЦЕЛОТО УЧИЛИШТЕ ДА БИДЕ ОГРАДЕНО И БЕЗБЕДНО, СО ШТО БЕНЕФИТ ЌЕ ИМА И ДЕТСКАТА ГРАДИНКА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ, ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





СЕКТОРОТ ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ЈП ПАРКИНГ ПРОДОЛЖИЈА СО ПРОМЕНИ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ СО ПОКВАЛИТЕТНО И ТОА НА УЛИЦИТЕ „ПРЕСПА" И „НАРОДНИ ХЕРОИ". ОВАА АКЦИЈА ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД НА СОСЕДНИТЕ УЛИЦИ.




Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, НА БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЌЕСЕНДРЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛОТО ВО ДОЛЖИНА ОД 150МЕТРИ СО ДИЈАМЕТАР Ф 200.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЈА ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА КОЛЕКТИВНИТЕ ЗГРАДИ НА БУЛЕВАР „МОША ПИЈАДЕ". СО ОВА СЕ РЕШАВА ДОЛГОГОДИШЕН ПРОБЛЕМ НА СТАНАРИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО ОВИЕ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ.





ПРОДОЛЖИ ЕСЕНСКО ПОШУМУВАЊЕ НА ЕРОЗИВНИ ПОДРАЧЈА ОКОЛУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. СЕ ПОШУМУВА НА М.В. ГЛИШИЧКИ РИД СО 2000 САДНИЦИ БАГРЕМ И 300 САДНИЦИ ОД ЕКО ЖИВОТ. ВО АКЦИЈАТА КОЈА СЕ ОДВИВАШЕ НЕКОЛКУ ДЕНОВИ ВКЛУЧЕНИ СЕ ВРАБОТЕНИТЕ ОД ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОЈ ОПШТИНАР КАКО И НЕВЛАДИНАТА ЕКО ЖИВОТ, СРЕДНОТО ШУМАРСКО УЧИЛИШТЕ И ПРЕТСТАВНИК ОД ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.





СЕ ВРШИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ.МОША ПИЈАДЕ.
ПОРАДИ ПОВЕЌЕГОДИШНИТЕ ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВАА ЖИТЕЛИТЕ ОД КОЛЕКТИВНИТЕ ЗГРАДИ ВО ОВОЈ ДЕЛ, ЕКИПИ НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ВРШАТ ЗАМЕНА НА СТАРИТЕ СО НОВИ ЦЕВКИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ШАХТИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „СМИЛИЦА" ВО ДОЛЖИНА ОД 400М2, ПО ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ЗА ПОДОБАР ПРИСТАП ДО ЗЕМЈОДЕЛСКО ОБРАБОТЛИВО ЗЕМЈИШТЕ, ВО МЕСНОСТА ВИКАНА „ШАМАЦИТЕ" ПРОЕКТОТ СЕ РЕЛИЗИРА ПРЕКУ МЕРКАТА 124 ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ, А ФИНАНСИСКАТА ВРЕДНОСТ Е ОД 808.800 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ПО ИЗГРАДБАТА НА КАПЕЛАТА НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ВО 2007 МА ГОДИНА, НЕПРАВЕДНО СЕ НАРУШИ УБАВИНАТА НА СПОМЕНИКОТ НА ВЕЛИКАНИТЕ САШКО ГЕШОВСКИ, ПЕТРЕ ТОДОРОВСКИ И МИШКО МИТРЕВ. СЕ НАРУШИ ИСТАКНАТОСТА КОЈА ЈА ЗАСЛУЖУВААТ ОВИЕ ВЕЛИКАНИ ВО ЧИЈА ЧЕСТ Е ИЗГРАДЕН СПОМЕНИКОТ.
СПОМЕНИКОТ Е ДИСЛОЦИРАН И Е ПОСТАВЕН НА ЛОКАЦИЈА КОЈА СЕГА Е ЦЕНТРАЛНА, ПАРТЕРНО И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДЕНА КАКО ШТО ДОЛИКУВА ЗА СПОМЕНИКОТ НА ВЕЛИКАНИТЕ, СЕГА И СО ПОСЕБЕН ВЛЕЗ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЈП КОМУНАЛЕЦ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ПОЗАДИ МАКПЕТРОЛ СО ДИЈАМЕТАР Ф325 И Ф400, ВО ДОЛЖИНА ОД 200МЕТРИ.
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!



ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КАПТАЖИТЕ ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ.
ЗАПОЧНАТА Е ВТОРА ФАЗА НА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР, ВОДОВОД ДО СЕКОЈ ОБЈЕКТ И КАНАЛИЗАЦИЈА.
ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ИЗНОС ОД 4.000.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ОСТАНАТИТЕ 3.400.000 ДЕНАРИ СЕ ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНАТА. СО ИЗГРАДБАТА НА ОВОЈ ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР, СИТЕ КУЌИ ОД СЕЛО ВАТАША ДО 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ ЌЕ БИДАТ ПРИКЛУЧЕНИ ВО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА И НЕМА ДА ИМААТ НИКАКОВ ПРОБЛЕМ ВО ОДНОС НА ИСТАТА ВО ИДНИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е АС МАШИНИ.



Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА КРАК ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР КАЈ МАКПЕТРОЛ СО ДИЈАМЕТАР Ф 325 И Ф400, ВО ДОЛЖИНА ОД 200МЕТРИ.



МОЈ ОПШТИНАР ВО СОРАБОТКА СО ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ЗАПОЧНАА СО САДЕЊЕ НА НОВИ САДНИЦИ – ЈАВОР НА НОВИОТ КРАК ОД УЛ. „25 МАЈ"
ЗА УБАВО КАВАДАРЦИ!



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАНА Е УЛ.„ТАСЕ БОШКОВ", КРАК ОД ПОРАНЕШНА ЦРНОРЕЧКА, КАДЕ ПРЕТХОДНО ИСТАТА СЕ ПРОБИ И СЕ ПОСТАВИ ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА – ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПО ПРОГРАМАТА НА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА, ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ПОСЛЕ ПРОБИВАЊЕ НА УЛ. „25 МАЈ" И ИЗГРАДБА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ, СЕ ПРИСТАПУВА КОН ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНДЕЛАБРИ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ НА КРАК ОД ОВАА УЛИЦА, ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА ИСТАТА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕТО НА АТМОСФЕРСКА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, ПО ШТО СЛЕДУВА И КОМПЛЕТНО АСФАЛТИРАЊЕ НА ГЛАВНАТА УЛИЦА И СПОРЕДНИТЕ УЛИЦИ ВО СЕЛОТО.
ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 20.000.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ОД МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ НА УЛИЦИТЕ „8 МАРТ" СПОЈ СО. „СТРАШО ПИНЏУР" И СОГЛЕДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД АТМОСФЕРСКИТЕ ДОЖДОВИ КАКО НА ГЛАВНАТА УЛИЦА ТАКА И НА УЛ. „ИЛО КОСТОВ", Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРИСТАПИ КОН ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА РЕШЕТКА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА АТМОСФЕРКИТЕ ВОДИ И НИВНО НАСОЧУВАЊЕ ВО АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА.



ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ДЕТСКАТА ГРАДИНКА ВО СЕЛО ДРЕНОВО!
РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ОБЈЕКТ ВО СЕЛО ДРЕНОВО, КОЈ ПРЕМИНУВА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА КАКО ПРОЕКТ КОЈ Е ДЕЛ ОД ИЗБОРНАТА ПРОГРАМА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА АРТ ИНЖЕНЕРИНГ СЕЛО БЕЛИЦА, МАКЕДОНСКИ БРОД.



АСФАЛТИРАНА Е УЛ. „ЦРНОРЕЧКА" НА ПОВРШИНА ОД 800М2, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА Е 1.700.000 ДЕНАРИ, А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА КРАК ОД УЛ. „ДОМОВИЦА", ОТКАКО КРАКОТ БЕШЕ ПРОБИЕН И ТАМПОНИРАН НА ПОВРШИНА ОД 1800М2. ПОТПОРНИОТ Ѕ ИД ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА ВОЗИЛАТА И ЌЕ ГО ЗАШТИТИ ПОСТОЕЧКИОТ ПАТ ОД ОДРОНИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е КЕЈОТ НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ДО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ ЌЕ ГО ДОПОЛНИ УБАВИОТ КЕЈ КОЈ СЕ ПРОТЕГА СЕ ДО С.ВАТАША.
СЕ ГРАДИ МИНОР КОРИТОТО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И УРБАНА ОПРЕМА, ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ КЕЈ-ШЕТАЛИШТЕТО ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ НАЈЗАПУШТЕНИОТ ДЕЛ ВО НАШИОТ ГРАД.
ОВА Е ПРОЕКТ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОВОЈ ДЕЛ НА ГРАДОТ. ФИНАНСИСКАТА КОНСТРУКЦИЈА ЗА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 1 МИЛИОН ЕВРА.





КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА СО ДОБАР КОНТИНУИТЕТ
ИЗГРАДБА НА НОВ ТРОТОАР НА УЛ. „ДИСАНСКА" ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2023 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА АС МАШИНИ.



ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА ТРОТОАР НА СЕВЕРЕН БУЛЕВАР, ВО ДОЛЖИНА ОД 460 М2, КАДЕ ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ГРАДБА ПРОМЕТ, И Е ОБВРСКА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ДОДЕКА БЕХАТОН КОЦКИТЕ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕТО СЕ ДОНАЦИЈА ОД ФИРМИТЕ КОИ ГРАВИТИРААТ НА ТАА ЛОКАЦИЈА.



# НАСТАНИ

ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ДИРЕКТОРОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН, ЗАЕДНО СО ДЕЛ ОД ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА ВПР ГИ ПОТПИШАА ДОГОВОРИТЕ ЗА СОРАБОТКА ЗА НОВИТЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ КОИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО 2024 ГОДИНА СО СРЕДСТВА КОИ ШТО СЕ ДОДЕЛЕНИ ОД СТРАНА НА БИРОТО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ. СО ОВИЕ ПРОЕКТИ СЕ ОПФАТЕНИ ПОВЕЌЕ АКТИВНОСТИ ЗА ОПШТИНИТЕ, ДОДЕКА ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ:
ПОДОБРУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРЕКУ ДОИЗГРАДБА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ ВО ДОЛЖИНА ОД 500М. ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИЗНЕСУВААТ 7.000.000 ДЕНАРИ ДОДЕКА ОПШТИНАТА КОФИНАНСИРА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА ВО ВИСИНА ОД 2.000.000 ДЕНАРИ.



ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИЈАТА "ДОБРИ ДАСКАЛОВ" КАВАДАРЦИ
ПО ПОВОД 3-ТИ ДЕКЕМВРИ - ДЕНОТ НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ И НОВОГОДИШНИ ПРАЗНИЦИ ПО 13-ТИ ПАТ ДЕНЕСКА СЕ ОРГАНИЗИРАШЕ ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ОД УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИЈАТА "ДОБРИ ДАСКАЛОВ" КАВАДАРЦИ ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФЕСОРКАТА ЕЛИЗАБЕТА ИГОВСКА И ПОДДРШКА НА ДИРЕКТОРКАТА ЈАСМИНА ЧУЛЕВА ВО ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.
АКТИВНО ВО АКЦИЈАТА СЕ ВКЛУЧИ УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ ПОД МЕНТОРСТВО НА ПРОФ. НАТАША МАТАКОВА.
СЕ ДОНИРАШЕ АНДРОИД ЛЕД ТЕЛЕВИЗОР, ТОСТЕР, ЕЛЕКТРОНСКО ПИКАДО, КОШ И НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА. РАДОСТА МОЖЕШЕ ДА СЕ ЗАБЕЛЕЖИ КАЈ СИТЕ ПРИСУТНИ ПРИ ПРЕДАВАЊЕТО НА ДОНАЦИЈАТА.
НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА СЕ ДОНИРАНИ И ВО МАЛ ГРУПЕН ДОМ ВО КАВАДАРЦИ.





ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА АМБАСАДОРКАТА НА КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА ВО МАКЕДОНИЈА, АМИ ЛАРСОН ЦАИН И АРМЕН ГРИГОРЈАН ПОСТОЈАН, ПРЕТСТАВНИК НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ.

ЦЕЛТА НА ПОСЕТАТА БЕШЕ ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ОПРЕМАТА КОЈА ШВЕДСКА АМБАСАДА ЈА ДОНИРА ВО НАШАТА ОПШТИНА И Е ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ" ФИНАНСИРАН ОД ШВЕДСКА И ИМПЛЕМЕНТИРАН ОД УНДП ВО ПАРТНЕРСТВО СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ КОЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВО ПЕТ ПИЛОТ ОПШТИНИ ВО МАКЕДОНИЈА, КАДЕ ЌЕ СЕ ФОКУСИРА НА ОТКРИВАЊЕ И МЕРЕЊЕ НА ИЗВОРИТЕ НА ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ КАКО И НА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА СООДВЕТНИ МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДЕНОСТА. ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ШВЕДСКА АМБАСАДА, А ИМПЛЕМЕНТИРАН ОД УНДП ВО ВРЕДНОСТ ОД 10.000.000 ДЕНАРИ, ДОДЕКА ОПРЕМАТА КОЈА СЕ ДОНИРА ЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ВО ВРЕДНОСТ ОД 850.000 ДЕНАРИ.

ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ГИ ЗАСИЛИ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ЗА КРЕИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ И МОНИТОРИРАЊЕ НА ПЛАНОВИТЕ ЧИЈА ЦЕЛ Е ДА СЕ СЕ ПОДОБРИ КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ И ДА СЕ ЗГОЛЕМИ ЗНАЕЊЕТО И СВЕСНОСТА ЗА ПРОБЛЕМИТЕ ПОВРЗАНИ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ.





# НАСТАНИ

КВАЛИТЕТНОТО ИСТРАЖУВАЧКО НОВИНАРСТВО ЗА ПРЕДИЗВИКОТ СО АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВО МАКЕДОНИЈА Е ОД КЛУЧНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ПОДИГНУВАЊЕТО НА СВЕСТА КАЈ ГРАЃАНИТЕ ЗА ЕКОЛОШКИТЕ И ЗДРАВСТВЕНИ РИЗИЦИ КОИ ГИ СОЗДАВА ЗАГАДЕНИОТ ВОЗДУХ.

УНДП ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ", ФИНАНСИРАН ОД ШВЕДСКА EMBASSY OF SWEDEN IN SKOPJE И ИМПЛЕМЕНТИРАН ВО ПАРТНЕРСТВО СО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПП / MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PH, ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА - ЗНМ И 'GOCE DELCEV' UNIVERSITY - STIP (УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП) ОДРЖУВА ДВОДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА СО НОВИНАРИТЕ ЗА КЛУЧНИТЕ ТЕРМИНИ ЗА ПОДОБРО РАЗБИРАЊЕ НА КОМПЛЕКСНИОТ ПРЕДИЗВИК НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО.

РЕКТОРОТ ДЕЈАН МИРАКОВСКИ, ГИ ПРЕТСТАВИ ТЕХНИКИТЕ И ПРЕЦИЗНИТЕ НАУЧНИ МЕТОДИ КОИ ЛАБОРАТОРИЈАТА AMBICON.UGD ГИ КОРИСТИ ВО МЕРЕЊАТА НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ И ИЗРАБОТКАТА НА СТУДИЈАТА ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЧИТЕ ВО ПЕТТЕ ОПШТИНИ (КАВАДАРЦИ, СТРУГА, СТРУМИЦА, КУМАНОВО И ГОСТИВАР) КАДЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВТОРАТА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ „СПРАВУВАЊЕ СО ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ".

ОВАА НАУЧНА АНАЛИЗА Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВИСТИНСКИТЕ МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ВКЛУЧАТ ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ ВО СВОИТЕ ПЛАНОВИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО.



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗАЕДНО СО СЛУЖБИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ И МОЈ ОПШТИНАР, ИМАА ПРИЕМЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ. СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА НИВНИТЕ ПРОБЛЕМИ, НО И ПРЕДЛОЗИ, СУГЕСТИИ И ЗАБЕЛЕШКИ ВО ДЕЛОТ НА УРБАНИЗМОТ, КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА, КАКО И НА ДРУГИ ТЕМИ.



АПАРАТ ЗА АНАЛИЗА НА КРВ ЗА МАЛИ ДЕЦА И БЕБИЊА ЌЕ ДОНИРА ЦРВЕН КРСТ ЗА ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ

ВО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЛАБОРАТОРИЈАТА, ЦРВЕНИОТ КРСТ ЌЕ ДОНИРА АПАРАТ ЗА АНАЛИЗА НА КРВ ЗА МАЛИ ДЕЦА И БЕБИЊА , ЗА ДА СЕ ИЗБЕГНАТ ТРАУМИТЕ ПРИ ЗЕМАЊЕ НА КРВ ОД ВЕНА НА ОВИЕ НАЈМЛАДИ ЧЛЕНОВИ НА ЗАЕДНИЦАТА.

" ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМАТА ПХВ - ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ, МЛАДИТЕ ВОЛОНТЕРИ ОД УЧИЛИШТАТА "ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" И "СТРАШО ПИНЏУР" ОД КАВАДАРЦИ, ЗАЕДНО СО НИВНИОТ ДИСЕМИНАТОР ДАНИЕЛА ЛАЗОВСКА НАЈПРВО НАПРАВИЈА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО БОЛНИЦАТА ЗА ПРИОРИТЕТНИ ПОТРЕБИ И КАКО РЕЗУЛТАТ НА ТОА ИСТРАЖУВАЊЕ ИЗЛЕЗЕ ДЕКА ВАКВИОТ АПАРАТ Е НАЈНЕОПХОДЕН ВО МОМЕНТОТ И ГО ИМА САМО ВО НЕКОЛКУ БОЛНИЦИ ВО ДРЖАВАТА" - ВЕЛИ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОО ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ, ДИМИТАР КАРАКУЛЕВ.

ВОЛОНТЕРИТЕ ИЗРАБОТИЈА СВОЈ ПРОЕКТ, НЕКОЛКУ МЕСЕЦИ СОБИРАА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, ОД СВОИ АКТИВНОСТИ, СПОРСТСКИ НАТПРЕВАРИ, ПРИРЕДБИ ВО УЧИЛИШТАТА, ВЕЛИГДЕНСКИ ПАЗАР НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, ПОСЕТИЈА НЕКОЛКУ КОМПАНИИ КОИ МОРА ДА ГИ СПОМНЕМЕ, А ТОА СЕ МАШИНОКОП КАВАДАРЦИ И МИ -КОМЕРЦ, ПОТОА СРЕДСТВА ОД ХУМАНИТАРНИОТ ПАРКИНГ КОЈ Е ИСТО ТАКА ИДЕЈА И ПРОЕКТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ, ТАКА ДА СЕ СОБРАА 106.000 ДЕНСРИ КОЛКУ ШТО КОШТА ОВОЈ АПАРАТ.



ОД ЦРВЊН КРСТ УПАТУВААТ БЛАГОДАРНОСТ И ДО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАВАДАРЦИ МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КОИ ДАДОА ПОДРШКА НА ОВОЈ ПРОЕКТ И СО НИВНИ ОДЛУКИ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ ОВИЕ АКТИВНОСТИ.

ОД ИМЕ НА ОПШТИНАТА НА ПРЕДАВАЊЕТО НА ДОНАЦИЈАТА ПРИСУСТВУВАШЕ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ Д-Р. СТОЈАНЧЕ РАМОВ.



# НАСТАНИ



ВО ПРОСТОРИИТЕ НА С.О.З.Ш.У „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ВО КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА ПРОТИВПОЖАРЕН КВИЗ, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОБРОВОЛНОТО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО САШКО ГЕШОВСКИ. ПРОТИВПОЖАРНИОТ КВИЗ ИМА НАТПРЕВАРУВАЧКИ КАРАКТЕР И СЕ ОДРЖА ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД СИТЕ СРЕДНИ И ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ОПШТИНА РОСОМАН.

ПРОТИВПОЖАРНИОТ КВИЗ СЕ ОРГАНИЗИРАШЕ ВО РАМКИ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ДОБРОВОЛНОТО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО САШКО ГЕШОВСКИ ОД КАВАДАРЦИ, А УЧЕСТВО ЗЕМАА УЧЕНИЦИ ОД СИТЕ ОСНОВНИ И СРЕДНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА ОД КАВАДАРЦИ И ОСНОВОТО УЧИЛИШТЕ „ПЕРЕ ТОШЕВ" ОД ОПШТИНА РОСОМАН.

СЕКОЕ УЧИЛИШТЕ БЕШЕ ПРЕТСТАВУВАНО ОД ТРОЈЦА УЧЕНИЦИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПРЕДВОДЕНИ ОД МЕНТОР КОЈ Е ЕДЕН ОД НАСТАВНИЦИТЕ ИЛИ ПРОФЕСОР ОД УЧИЛИШТЕТО КОЕ ГО ПРЕТСТАВУВААТ.

ОД ОСНОВНИТЕ

- ПРВО МЕСТО ОСВОИЈА УЧЕНИЦИТЕ ОД С.О.У „СТРАШО ПИНЦУР"
-ВТОРО МЕСТО УЧЕНИЦИТЕ ОД „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ"
-ТРЕТО МЕСТО УЧЕНИЦИТЕ ОД „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" КАВАДАРЦИ




И ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТЕ

-ПРВО МЕСТО ОСВОИЈА УЧЕНИЦИТЕ ОД „ ЌИРО СПАНЏОВ БРКО"
-ВТОРО МЕСТО УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИЈА „ДОБРИ ДАСКАЛОВ"
-ТРЕТО МЕСТО УЧЕНИЦИТЕ ОД СОЗШУ „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ"



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПЕОНИЈА, РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА Г-ДИН ХРИСТОС ГУНДЕНУДИС КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ИТАЛИЈАНСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА. НА СОСТАНОКОТ СЕ ДИСКУТИРАШЕ ЗА ЗАЕДНИЧКОТО АПЛИЦИРАЊЕ ПО АКТУЕЛНИОТ ПОВИК НА ИПА- ПРОГРАМАТА ЗА ПОГРАНИЧНА СОРАБОТКА СО РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА.

ТРАДИЦИОНАЛЕН НОВОГОДИШЕН ПРИЕМ ОРГАНИЗИРАН ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.













## НИКОЈ НЕ ТРЕБА ДА БИДЕ САМ ЗА БАДНИК И БОЖИЌ

ТРЕТА ГОДИНА ПО РЕД, ВО ПРЕСРЕТ НА БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО НЕКОЛКУ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ КОМПАНИИ ОРГАНИЗИРА ЗАЕДНИЧКИ РУЧЕК НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД НА 6 ЈАНУАРИ ОД 10:00 ДО 14:00 ЧАСОТ. ИДЕЈАТА Е НА ЕДЕН ОД НАЈДОБРИТЕ ГОТВАЧИ ШЕФ ГОРАН ФИЛИПОВ КОЈ ЗАЕДНО СО УШТЕ НЕКОЛКУМИНА ПОЗНАТИ ПРОФЕСИОНАЛНИ ГОТВАЧИ ОД МАКЕДОНИЈА СЕ ПОТРУДИЈА ДА ЈА РЕАЛИЗИРААТ И БАРЕМ НА МОМЕНТ ДА ИМ ГО ДОЛОВАТ ПРАЗНИЧНИОТ ДУХ НА МНОГУ НАШИ СОГРАЃАНИ.

СЕКАКО ОВА НЕ БИ БИЛО ВОЗМОЖНО БЕЗ НАШИТЕ ПРИЈАТЕЛИ ОД СЛОГА ПРОМ КАВАДАРЦИ, РИБАРА БО-РИ, ЗЛАТЕН КРАП- АКВА ГАРАНТ КАВАДАРЦИ, ЖИТО ЈУГ, МАРКЕТИ МИНЕКС, КОЖУВЧАНКА, ПИЉАРА И ПРОДАВНИЦА ЗА ЗДРАВА ХРАНА АЦЕ ПРОМ, ДИМОВ ТЕ-ВИ МАКАРЕНА С. ВАТАША, МАРКЕТИ ЛУТКА, СИТИ АРТ, ВИНАРИЈА КИМОВ, СЛАТКАРНИЦА ПАЛМА, АНСИ ФРЕШ НЕГОТИНО, ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ПАНЧЕ АРСОВСКИ, НА КОИ ОД СРЦЕ ИМ БЛАГОДАРИМЕ!














# НАСТАНИ

БАДНИКОВА ПОВОРКА 2024

ВО ПРЕСРЕТ НА НАЈГОЛЕМИОТ ПРАВОСЛАВЕН ПРАЗНИК БАДНИК, МПЦ ЗАЕДНО СО СВЕШТЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЦИ, ОРГАНИЗИРАА ТРАДИЦИОНАЛНА БАДНИКОВА ПОВОРКА, ОД ХРАМОТ „СВ. ПЕТКА" ПО УЛ. „ИЛИНДЕНСКА" СЕ ДО ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ, НА КОЈА УЧЕСТВУВАА НАД 150 ДЕЦА УЧЕСНИЦИ ПРИДРУЖУВАНИ ОД СВЕШТЕНИ ЛИЦА. БЕА ПРЕЧЕКАНИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ИМ БЕА ДОДЕЛЕНИ БАДНИКОВИ ПАКЕТЧИЊА, КОИ СЕ ДОНАЦИЈА ОД КАМ МАРКЕТИ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

ЗА МНОГУ ГОДИНИ!





НАШИОТ ДРЕВЕН ОБИЧАЈ И ВЕКОВНА ТРАДИЦИЈА!

ЏОЛОМАРИТЕ ВО СЕЛАТА РЕСАВА, БЕГНИШТЕ И СОПОТ! ГИ ИСТЕРАА ЛОШИТЕ ДУХОВИ ОД СТАРАТА ГОДИНА ЗА ДА ОТВОРАТ ПАТ ЗА БЕРИЌЕТ, ЗДРАВЈЕ И ПЛОДНОСТ ВО НОВАТА!









# НАСТАНИ

ЗА МНОГУ ГОДИНИ „БОГОЈАВЛЕНИЕ - ВОДИЦИ"

ОВАА ГОДИНА НА ПОТОПУВАЊЕТО НА ГРАДСКИОТ МОСТ КАВАДАРЦИ ЧЕСНИОТ КРСТ ВО РАЦЕТЕ НА ИЛИЈА ПЕТРОВ, ДОДЕКА ВО МЕСНОСТА МОКЛИШТЕ НАЈСРЕЌНИОТ БЕШЕ ТРАЈЧЕ КАМЧЕВ. ИМ ПОСАКУВАМЕ МНОГУ ЗДРАВЈЕ, БЛАГОДЕТ И СРЕЌА, НИВ И НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА

ДА ПОТСЕТИМЕ ДЕКА ПРЕД ПОТОПУВАЊЕТО НА КРСТОТ ПРЕТХОДЕШЕ БОЖЕСТВЕНА ЛИТУРГИЈА ВО ЦРКВАТА „СВ ДИМИТРИЈА", ПО КОЈА СВЕШТЕНИТЕ ЛИЦА ЗАЕДНО СО ПОВОРКАТА ПЕЕЈЌИ ЛИТИЈА СТИГНАА ДО ГРАДСКИОТ МОСТ.














# ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „РАДА ПОЦЕВА" ОБЈЕКТ СОНЦЕ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДОБИ СЕНЗОРНА СОБА ПОДДРЖАНО ОД СТРАНА НА GIZ NORTH MACEDONIA ГЕРМАНСКОТО ДРУШТВО ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (ГИЗ) ВО РАМКИ НА РЕГИОНАЛНИОТ ПРОЕКТ „СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПНИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН", А ВО СОРАБОТКА СО ЗЕЛС.

ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ, ЗА ПРИМЕНА НА СОЦИЈАЛНИ ПРИСТАПИ, СО КРАЈНА ЦЕЛ, ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦАТА ВО ПРЕДУЧИЛИШНАТА НАСТАВА . СЕНЗОРНАТА СОБА Е ИНСТУМЕНТ, АЛАТКА ВО РАЦЕТЕ НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ, СО ШТО ТИЕ ЌЕ ОДГОВОРАТ НА ПОТРЕБИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА УСЛУГАТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ЗАЛАГА ЗА КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ЦЕЛ СЕКОЕ ДЕТЕ ДА ИМА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ.







СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ!

ПРОДОЛЖУВА ИЗГРАДБАТА НА СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО ВОЗАРЦИ, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2 КОЈА ЌЕ БИДЕ ВО СКЛОП НА ПОДРАЧНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР". ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.



## СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО МАРЕНА

ВО ТЕК НА ИЗГРАДБА Е СПОРТСКАТА САЛА ВО СЕЛО МАРЕНА, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2 КОЈА ЌЕ БИДЕ ВО СКЛОП НА ПОДРАЧНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „СТРАШО ПИНЏУР".

ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





## СЕЛО СОПОТ ДОБИВА НОВА СПОРТСКА САЛА

ИЗГРАДБА НА СПОРТСКА САЛА ВО СЕЛО СОПОТ, СО КОРИСНА ПОВРШИНА ОД 400М2. ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 22.000.000 ДЕНАРИ.

УШТЕ ЕДНО ВЕТУВАЊЕ СТАНУВА РЕАЛНОСТ
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПО ПОВОД 81 ГОДИНА ОД СМРТТА НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР НА 4 ЈАНУАРИ, ПРЕД НЕГОВАТА БИСТА ВО СПОМЕН КУЌАТА ВО СЕЛО ВАТАША СВЕЖО ЦВЕЌЕ ПОЛОЖИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ , СОВЕТНИЦИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ, АКТУЕЛНИОТ ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА Р.МАКЕДОНИЈА ЗОРАН ЈОВАНЧЕВ , ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ , ЛОКАЛЕН МУЗЕЈ- ГАЛЕРИЈА, ВИНСКИ МУЗЕЈ , БИБЛИОТЕКА ФЕТКИН , СОЈУЗОТ НА БОРЦИ И ГРАЃАНИ КОИ ГО ПОЧИТУВААТ ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ. ПРИГОДЕН РЕФЕРАТ ЗА ЖИВОТНИОТ ПАТ И РЕВОЛУЦИОНЕРНОТО ДЕЛО ЗА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ ПРОЧИТА КУСТОС ИСТОРИЧАР НАТКА КИТЕВА. ЗА ПРВ ПАТ ОВАА ГОДИНА СЕ ПОЛОЖИ СВЕЖО ЦВЕЌЕ И ПРЕД НОВОПОСТАВЕНИОТ СПОМЕНИКОТ НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ СТРАШО ПИНЏУР ВО ЦЕНТАРОТ НА СЕЛО ВАТАША, КАДЕ ЗБОР ЗЕМА ДИРЕКТОРОТ НА НАШАТА ИНСТИТУЦИЈА ЈАКИМ ЗИМОСКИ СО ГОВОР СЕ ОБРАТИ И БОРО БОЈАЏИЕВ А ПОДГОТВЕН РЕЦИТАЛ ЗА НАШИОТ НАРОДЕН ХЕРОЈ ИМАА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ДИМКАТА АНГЕЛОВ - ГАБЕРОТ ОД С.ВАТАША.

ВОЕДНО НАСТАНОТ СЕ ЧЕСТВУВАШЕ И ВО КАСАРНАТА ВО ПЕТРОВЕЦ КОЈА ГО НОСИ НЕГОВОТО ИМЕ КАДЕ ИМАШЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА КАВАДАРЦИ ВИШ КУСТОС ТОМЕ КРСТЕВСКИ , КУСТОС ИСТОРИЧАР МАРИЈА МИХОВА И СОВЕТНИКОТ ПЕРО НИКОЛОВ . ПРЕД ВОЗДУХОПЛОВНИОТ ВИНГ НА АРМИЈАТА ПРИГОДЕН ГОВОР ОДРЖА КУСТОС ИСТОРИЧАР МАРИЈА МИХОВА.

ОВОЈ НАСТАН СЕ ЧЕСТВУВА ТРАДИЦИОНАЛНО СЕКОЈА ГОДИНА.

ВЕЧНА СЛАВА!










ВО МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈАТА - КАВАДАРЦИ ПРЕМИЕРНО БЕШЕ ОТВОРЕНА ИЗЛОЖБАТА ЛИЦА НА РЕВОЛУЦИЈАТА НА ДИМЕ РАТАЈКОВСКИ И ДУШКО АПОСТОЛСКИ .

„ЛИЦАТА НА РЕВОЛУЦИЈАТА„ Е СОСТАВЕНА ОД 40 ОРИГИНАЛНИ ФОТОГРАФИИ, КОИ СЕ РЕПРЕЗЕНТАТИВЕН ПРИМЕРОК ОД ПОГОЛЕМА ЗАЕДНИЧКА КОЛЕКЦИЈА КОЈА СОДРЖИ ПОВЕЌЕ ОД 200 ОРИГИНАЛНИ ФОТОГРАФИИ И ФОТО-КАРТИЧКИ ПОВРЗАНИ СО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА. ОВАА ЗБИРКА НА РАТАЈКОВСКИ И АПОСТОЛСКИ ОПФАЌА ФОТОГРАФИИ ОД ПРЕДИЛИНДЕНСКИОТ , ИЛИНДЕНСКИОТ И ПОСТИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОД ПОТОЧНО ОД 1893-1934 ГОД.

НА ПОЧЕТОКОТ СВОЕ ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ ИМАШЕ ДИРЕКТОРОТ НА МУЗЕЈ ГАЛЕРИЈА - КАВАДАРЦИ Г-ДИН ЈАКИМ ЗИМОСКИ

ИЗЛОЖБАТА ЗА ОТВОРЕНА ЈА ПРОГЛАСИ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ, А СВОЕ ПОЗДРАВНО ОБРАЌАЊЕ ИМАА И ЗОРАН ЉУТКОВИ ЗОРАН ПЕЈКОВСКИ



НАСТАНОТ БЕШЕ ЗБОГАТЕН И СО РЕЦИТАЛ ПОСВЕТЕН НА ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД СТРАНА НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ГИМНАЗИЈАТА ДОБРИ ДАСКАЛОВ.

СИТЕ УЧЕСНИЦИ ВО СВОИТЕ ГОВОРИ ЈА ИСТАКНАА ВАЖНОСТА НА ИСТОРИСКАТА ФОТОГРАФИЈА , КОЈА ГО ОТСЛИКУВА ТРНЛИВИОТ ПАТ НА МАКЕДОНСКИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ ВО БОРБАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ И СОЗДАВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА.

НА КРАЈ ПРЕД ПРИСУТНИТЕ СЕ ОБРАТИ И АВТОРОТ НА ИЗЛОЖБАТА ДУШКО АПОСТОЛСКИ КОЈ ОСВЕН ЗА ВАЖНОСТА НА ОВАА ИЗЛОЖБА ИСТАКНА И ДЕКА ОВАА ИЗЛОЖБА СВОЈОТ ПАТУВАЧКИ КАРАВАН ЌЕ ГО ПРОДОЛЖИ НИЗ ОСТАНАТИТЕ ГРАДОВИ ШИРУМ МАКЕДОНИЈА.





БИБЛИОТЕКА „ФЕТКИН“ КАВАДАРЦИ ГО ОДБЕЛЕЖА ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ДЕН НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.

ПО ПОВОД 3-ТИ ДЕКЕМВРИ, ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ ДЕН НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, БИБЛИОТЕКА „ФЕТКИН“ ВО СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЕТО НА СЛЕПИ И ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД КАВАДАРЦИ И ООУ „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ“ ОРГАНИЗИРА НАСТАН ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОВОЈ ДЕН.

ПО ТОЈ ПОВОД СЕ ИМПЛЕМЕНТИРАШЕ РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ПОТРЕБИТЕ И МОЖНОСТИТЕ НА СЛЕПИТЕ ЛИЦА“ СО СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОТ МАРИЈА ПОПОВА ШАНДАРОВ .

НА РАБОТИЛНИЦАТА УЧЕСТВУВАА УЧЕНИЦИТЕ ОД 5 В ОДДЕЛЕНИЕ И МЕНТОРОТ САНДРА КОЛЕВА. КОИ БЕА ЗАПОЗНАТИ ЗА МОЖНОСТИТЕ И ПОТРЕБИТЕ НА СЛЕПИТЕ ЛИЦА, БЕА ЗАПОЗНАТИ СО СИТЕ ПОМАГАЛА СО КОИ СЕ КОРИТАТ ОВИЕ ЛИЦА И ИМААТ МОЖНОСТ ДА ПОСТАВАТ ПРАШАЊА НА ЧЛЕНОВИТЕ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА СЛЕПИ ЛИЦА, ЗА СИТЕ ПРЕПРЕКИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ОВИЕ ЛИЦА ВО СЕКОЈДНЕВНИОТ ЖИВОТ.

ЗДРУЖЕНИЕТО НА СЛЕПИ И ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД, И ДОНИРАШЕ НА БИБЛИОТЕКАТА КНИГИ НА БРАЈОВО ПИСМО ЗА КОИ БИБЛИОТЕКАТА ЌЕ НАПРАВИ ПОСЕБНО КАТЧЕ.










# НОВА 2024 ГОДИНА

НОВОГОДИШНА МАГИЈА ВО НАШЕТО КАВАДАРЦИ

НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД И НИЗ УЛИЦИТЕ МОЖЕШЕ ДА СЕ ВИДИ НОВОГОДИШНАТА ДЕКОРАЦИЈА СО УКРАСИ СО КОЈА СЕ ЧУВСТВУВАШЕ ПРАЗНИЧНАТА АТМОСФЕРА. И ОВАА ГОДИНА ИМАВМЕ БОЖИЌЕН ПАЗАР ВО УКРАСЕНИ КУЌАРКИ, КАДЕ КАВАДАРЧАНИ А И СИТЕ ОСТАНАТИ ПОСЕТИТЕЛИ МОЖЕА ДА НАВРАЌААТ ДА СЕ СТОПЛАТ ИЛИ ОСВЕЖАТ СО НЕКОЈ ПИЈАЛОК, ХРАНА, НО И ДА КУПАТ ПО НЕКОЈ НОВОГОДИШЕН УКРАС.

ПОДГОТВЕНИ СМЕ ЗА ПРАЗНИЧНО РАСПОЛОЖЕНИЕ КАДЕ БЕА ДОБРЕДОЈДЕНИ СИТЕ И УЖИВАА ВО ЗВУЦИТЕ НА НАЈУБАВИТЕ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПЕСНИ.

СО ЉУБОВ ЗА КАВАДАРЦИ










# НОВА 2024 ГОДИНА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ОВАА ГОДИНА ТРАДИЦИОНАЛНО ПОДГОТВИВИ БОГАТА КУЛТУРНА, ЗАБАВНА И МУЗИЧКА ПРЕДНОВОГОДИШНА ПРОГРАМА, НАМЕНЕТА ЗА СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ. ПОЧНУВАЈЌИ ОД 15 ДО 31 ДЕКЕМВРИ ПОДГОТВИВМЕ СЕКОЈ ДЕН НАСТАНИ ИСПОЛНЕТИ СО СРЕЌА И ПРАЗНИЧНА УБАВИНА!

НАСТАНИТЕ СЕ ОРГАНИЗИРАА НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД НА ИЗЛОЖБЕНИТЕ КУЌИЧКИ КОИ ГО СОЧИНУВАА ОВОГОДИШЕНИОТ БОЖИЌЕН ПАЗАР.
ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД СЕКОЈДНЕВНО БЕШЕ ПОЛН СО НАСМЕАНИ И ВЕДРИ ЛИЦА! ИМАШЕ ДЕГУСТАЦИЈА НА ТОПОЛ ЧАЈ И БОЖИЌНИ КОЛАЧИЊА ОД ЦИМЕТ, ЗА ЗАЕДНИЧКО ПРАЗНУВАЊЕ.













НЕКОЛКУ ДЕНОВИ СЕ ДЕГУСТИРАШЕ ГРЕЕНО ВИНО КОЕ ПРЕТСТАВУВА ТРАДИЦИЈА, ЛЕК И ЗАДОВОЛСТВО СО ДОБРА МУЗИКА КОЕ ГО ПОДГОТВИВМЕ ЗАЕДНИЧКИ СО ВИНСКИ МУЗЕЈ!















# НОВА 2024 ГОДИНА

НАТПРЕВАР ВО НАЈБРЗО НАКИТЕНА ЕЛКА, МНОГУ НАСМЕАНИ ЛИЦА И ПОДАРОЦИ ЗА НАЈБРЗИТЕ ДЕЧИЊА. ЗАЕДНО ПРАЗНУВАВМЕ!







ДЕЛЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА, ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Д-Р СТОЈАНЧЕ РАМОВ.

ДЕЛЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ НА ДЕЧИЊАТА ОД ООУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ", ООУ "ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ" И ООУ "ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ" С.ВАТАША.



ЗАБАВА СО СПЕКТАКУЛАРНИ МАСКОТИ.

(СЛИКИ )

ДЕЛЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ НА ДЕЧИЊАТА ОД ООУ "ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО", ООУ "СТРАШО ПИНЏУР" И ООУ "ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ".

ЗАБАВА СО СПЕКТАКУЛАРНИ МАСКОТИ.





ДЕЛЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ЗА НАЈМАЛИТЕ И НАЈМАЛИТЕ ОД СИТЕ ОБЈЕКТИ ПРИ ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА"КАВАДАРЦИ

ПОСЕТА НА ОБЈЕКТИТЕ „ГРОЗДОБЕРЧЕ", „БУБАМАРА"И „СОНЦЕ"ПРИ ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА, КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ОД НАЈМАЛИТЕ ГРУПИ ВО ПРИСУСТВО НА ДЕДО МРАЗ И МЕЧЕТО МАСКОТА ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ





ПОСЕТА НА ОБЈЕКТИТЕ „ДЕТЕЛИНКА" И „ИЗВОРЧЕ" ПРИ ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА, КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ОД НАЈМАЛИТЕ ГРУПИ ВО ПРИСУСТВО НА ДЕДО МРАЗ И МЕЧЕТО МАСКОТА ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ
НАСТАН ПОЛН СРЕЌА И ПРАЗНИЧНА УБАВИНА







НАШАТА ПОСЕТА ПРОДОЛЖИ И ВО ОБЈЕКТИТЕ „ВАТАШКИ ЦВЕТОВИ" И „СНЕЖАНА" ПРИ ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА, КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ОД НАЈМАЛИТЕ ГРУПИ ВО ПРИСУСТВО НА ДЕДО МРАЗ И МЕЧЕТО МАСКОТА ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ
НАСТАН ПОЛН СРЕЌА И ПРАЗНИЧНА УБАВИНА







# НОВА 2024 ГОДИНА

ДЕЧИЊАТА ОД ПОГОЛЕМИТЕ ГРУПИ ПРИ ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА", БЕА ДЕЛ ОД СПЕКТАКУЛАРНАТА ЗАБАВА СО ДЕДО МРАЗ И МАСКОТИ МЕЧИЊА И КОКОМЕЛОН, КАДЕ СО ЗАБАВА И ДЕТСКИ ПЕСНИ ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ
НАСТАН ПОЛН СРЕЌА И ПРАЗНИЧНА УБАВИНА





НАШАТА ПОСЕТА ПРОДОЛЖИ И ВО ОБЈЕКТИТЕ „ЅВОНЧИЦА" ВО С.ВОЗАРЦИ И „ПЕТАР ПАН" ВО С.МАРЕНА ПРИ ЈОУДГ РАДА ПОЦЕВА, КАДЕ НА ДЕЧИЊАТА ОД НАЈМАЛИТЕ ГРУПИ ВО ПРИСУСТВО НА ДЕДО МРАЗ И СПАЈДЕРМЕН ИМ БЕА ПОДЕЛЕНИ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ
НАСТАН ПОЛН СРЕЌА И ПРАЗНИЧНА УБАВИНА



ИМАВМЕ НОВОГОДИШНА ДЕТСКА РАБОТИЛНИЦА ВО СОРАБОТКА СО ВИНСКИ МУЗЕЈ, ЗДРУЖЕНИЕТО РОДНОКРАЈЦИ И СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА.
ОКОЛУ 90 УЧЕНИЦИ СО ПОМОШ ОД ПРОФЕСОРИТЕ И ПРЕСТАВНИЦИ ОД РОДНОКРАЈЦИ, ИЗРАБОТИЈА ЛИКОВНИ ДЕЛА КОИ БЕА ИЗЛОЖЕНИ ВО ХУМАНИТАРНАТА ПРОДАЖБА.




# НОВА 2024 ГОДИНА

СИТЕ ГРАЃАНИ И ПОСЕТИТЕЛИ ИМАА МОЖНОСТ СЕКОЈДНЕВНО ДА СЕ ФОТОГРАФИРААТ СО ДЕДО МРАЗ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД!







ХОРСКО ПЕЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПЕСНИ, ВО ИЗВЕДБА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА!



ХОРСКО ПЕЕЊЕ НА НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПЕСНИ, ВО ИЗВЕДБА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООМБУ „ЛАЗО МИЦЕВ РАЛЕ" И НАСТАП НА ДЕТСКИОТ ФЕСТИВАЛ „ГРОЗДОБЕРЧЕ.



ГРОЗДОБЕРЧИЊАТА И ДЕДО МРАЗ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД!



# НОВА 2024 ГОДИНА

ТРАДИЦИОНАЛНА НОВОГОДИШНА ТРКА СО ДЕДО МРАЗОВЦИ, ГОЛЕМ БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ НОВОГОДИШНО, А ЗА НАЈБРЗИТЕ ПРИГОДЕН ПОДАРОК







НАШИОТ ДЕДО МРАЗ Е НАЈДОБАР



ТУРИСТИЧКИОТ ВОЗ НИЗ ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД



НАШИОТ ДЕДО МРАЗ ИМ ПОДЕЛИ ПАКЕТЧИЊА И НА ДЕЧИЊАТА КОИ СЕ ХОСПИТАЛИЗИРАНИ НА ДЕТСКО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ.



НОВАТА 2024 ГОДИНА НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД. ДОЧЕК ОРГАНИЗИРАН ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ЗАЕДНО СО НАШИТЕ ЕКСТРА БЕНД ПЛУС! ДА СМЕ СЕКОГАШ ВАКА ВЕСЕЛИ И РАДОСНИ.



# НОВА 2024 ГОДИНА

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, НЕКОЛКУ МИНУТИ ПО ПОЛНОЌ ГИ ПОСЕТИ И ДЕЖУРНИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО ПС ОН КАВАДАРЦИ, БРЗА ПОМОШ, ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА, ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ, РЦ ЈУГ И КОЛ ЦЕНТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. СЛУЖБИТЕ ЗАДОЛЖЕНИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА НАШИОТ ГРАД И ГРИЖАТА ЗА НАШИТЕ СОГРАЃАНИ ДОБИЈА ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ.














Општинско јавно гласило
**КАВ’ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Лилјана Митрова
Сузана Андоноски
**Дизајн:** Петре Здравков
**Насловна форографија:** Цветанка Камчева

**Печати:** печатница АРТ Принт Студио Скопје
Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
kavadarci.gov.mk